Годинешниов Фестивал на новосоздадена Македонска народна шегобијна песна "Тумба Фест 2021" се одржа на големата сцена на градскиот плоштад во Куманово со вкупно дваесет и две нови песни во најголем дел испеани на Кумановски дијалект.

Пред многубројната публика која на моменти со еуфорични аплаузи ги наградуваше најголемите ѕвезди од нашата естрада се воспеваше Досе, Батко Ѓорѓија, Јовка, но и се пееше за големите мераклии, за љубоморните жени, за бекриите но и за една Неда, Слаѓана, Марија, Мартија, за Драѓе и Стојанка, за Кумановските сокаци и маала ...

Оваа година фестивалот прерасна во Фестивал на дијалекти, и како таков е единствен во светот по својата уникатност, покрај Кумановскиот се пееше и на Битолскиот, Прилепскиот и Валандовскиот дијалект што публиката го прифати со воодушевување.

Беше единствена прилика да се видат најголемите ѕвезди од Македонската естрада, состојбата со Ковид пандемијата не дозволи Фестивалот да има меѓународен карактер, но се надеваме дека наредната 2022 година кога и ќе биде одржан традиционалниот десетти по ред Фестивал ќе има гости од соседните земји.

Фестивалот беше дел од програмата за културни манифестации на Општина Куманово која се појави како Генерален покровител на истиот

Повелете на наредниот десетти по ред "Тумба Фест" а на нашиот Ју Тјуб канал можете да го проследите овогодинешниот, но и фестивалите одржани претходните години и да се насладувате со прекрасните звуци на Македонската народна песна и уникатните пораки кои на еден карактеристичен шегобиен начин ги испраќаме на голем број на љубители на Фестивалот.